Македонија

# GS1 Правила за мерење на пакувањето поради ускладување на податоците




# Да, сега можат!

## Предуслов за синхронизација на податоците и нивно усклaдување

Засилената заинтересираност деловниот свет кој припаѓа на GS1 за развој и проширување на синхронизацијата на податоците и нивно усклaдување, е директна последица за подобрување на ефикаснота на синџирот на снабдување. Тоа укажа на потребата за усогласеност и точност на опишувањето на карактеристиките на производите. Еден од атрибутите е и мерењето на пакувањето, за што досега не постоеа цврсти Правила кои би биле применувани.

## Активности на GSMP

Во текот на изработка на проектот за усклaдување на податоците се појави потреба за вкучување на мерките на пакувањето на производите, и виднаш се дојде до сознание дека не постојат соодветни стандарди за мерење а пакувањата со кои ви се обезбедила усогласеност. Една поголема светска компанија дури на 60 начини можеше да ги достави димензиите на пакувањето на своите партнери ширум светот. Врз основа на таквата состојба, до GSMP - Global Standards Management Process (Глобален Стандард за Управување со Процеси – Тело за управување со процесот на глобалните стандарди) упатено е барање по што е изработена, тестирана и договорена обемна збирка на Правило. Активностите се завршени со донесување на Правилата за мерење на податоците поради усклaдување на податоците.

## Пример за потрошувачка трговска единица

Пред донесување на Правилата за мерење на пакувањето не постоеше глобално прифатен стандард за начинот на мерење на спакуваните потрошувачки производи. Примерот кој следува ја илустрира вообичаената грешка која се јавува при одредувањето на лицето/челната страна на пакувањето и мерењето на неговите димензии.

Правилата за мерење на пакувањето утврдува дали лицето на пакувањето претставува страна со најголема површина која производителот ја користи да го пласира и продаде производот на потрошувачот. Само откако исправно ќе се идентификува лицето на пакувањето, можат да бидат дефинирани височина, широчина и длабочината на трговската единица, Презцизноста на оваа информација важна е за постигнување на оптималната деловна комуникација.




**Пакување на путер**

**Погрешен избор на лицето. Ова не е најголемата површина на пакувањето. Оваа грешка е вообичаена и како последица се јавува погрешен избор на висината (w), височината (h) и длабочината (d).**

**Правилен избор на лицето, на најголемата површина на пакувањето, засновано врз Правилата за мерење а пакувањата.**

## Пример за непотрошувачка трговска единица

Точното соопштување на димензиите на пакувањето подеднакво е важно и за единиците со кои се тргува во рамките на синџирот на снабдување. За таквите артикли (пример се кутиите и палетите на кои нема назив или знак на производителот) почетна точка за одредување на димензиите претставува природната основа:

**Височина:** Димензија на трговската единица од основата до врвот.
**Широчина:** Најкуса страна на основата на трговската единица.
**Длабочина:** Најдолга страна на основата на трговската единица.



# Бенефити за деловното работење

## Подобрување на управувањето со залихите, оптимизација на превозот, непотребни повторни мерења

Сите учесници во рамките на синџирот на снабдување имаат корист од приманата на овие правила.

Производителите веќе започнаа да увидуваат дека со примена на правилата постигнуваат поефикасна контрола на залихите, а што се однесува на превозот, подобра контрола на единиците и тежините кои се транспортираат. Исто така, во одделни земји правилата им помагаат на производителите да ги исполнат своите договорни обврски за доставување на точна информација до продавачите на мало што им овозмужува добивање на подобри услови во работењето.

Продавачите на мало исто така, увидоа дека веќе нема потреба за повторно мерење на артиклите, што некогаш претставуваше гополнителен ангажман. Овие Правила овозможуваат подобар увид и контрола на изложените артикли во малопродажните објекти, као и подобро планирање, а го скратуваат и премето од приемот на стоката до нејзиното изложување на рафтовите.

## Изјави на деловниот свет

*"Благодарејќи на новите Правила за мерење на пакувањата поради усогласување на податоците и нивната Правило примена од страна на добавувачите, индивидуалните продавачи на мало веќе не мораат самите да вршат мерења на производите поради правилно извршување на своите активности"* вели **Patrick Baptist, Раководител на проектирање на логистичкиот систем, "Laurus" Холандија – малопродажба.**

**Bert van Lokhorst, Оперативен менаџер "Proctor & Gamble"**, додава: *"И покрај тоа што има уште многу дефиниции (во врска со ускладување на податоците) за кои мораме да се договориме, тие кои се однесуваат на мерките на производите во потполност се дадени од страна на GSMP. Глобалните стандарди служат за усогласување на дефинициите, така што отстега Правилата за мерење на пакувањата ќе пресудат во ситуација кога ќе се јави сомнеж кај еден од партнерите"*.

**Brendon Beumer, Проектен менаџер за B2B електронска трговија "Royal Ahold"**, упати поглед во иднината со следнаца изјава *"Правила за мерење на пакувањата практично овозможија да ги искористиме точните податоци во рамките на Глобалната мрежа за синхронизација на податоците. Следен предизвик е работата на ускладување на овие мерки со дозволените отстапувања договорени во рамките на индустрискиот сектор"*.

## Каде можете да ги најдете Правилата?

Правилата за мерење на пакувањата дадени се и во најновата верзија на GS1 Општите Спецификации, во рамките на Секцијата 6. За дополнителни информации контактирајте со GS1 Македонија или информациите можете да ги добиете на веб-сајтот www.gs1mk.org.mk

